*ОПШТИНА КАРПОШ*

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС ISO 9001:2015
МКС ISO 14001:2015
МКС ISO 45001:2018

---

Врз основа на член 22, став 1, точка 6; член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/2002), а во врска со дел II Проектни активности, точка 2. Стипендии за талентирани спортисти, жители на Општина Карпош кои учат во VIII и IX одделение во општинските основни училишта на подрачјето на Општина Карпош од Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на спортот за 2022 година („Службен гласник на Општина Карпош бр. 23/2021, 3/2022 и 09/2022), Општина Карпош објавува

**ОГЛАС**
**за доделување на Стипендии за за талентирани спортисти, жители на Општина Карпош кои учат во VIII и IX одделение во општинските основни училишта на подрачјето на Општина Карпош за 2022/23 година**

## I. Услови за доделување стипендија

- Да се жители на општината Карпош (адреса на живеење),
- Потврда од училиштето дека спортистот е редовен ученик во VIII или IX одделение во општинските основни училишта од подрачјето на општина Карпош.

## II. Критериуми за доделување стипендија

Спортистот потребно е да има постигнување на индивидуални спортски резултати, потврдени од матичните национални спортски федерации и да се во согласност со календарот на натпревари на националните федерации за периодот од 01.01.2022 година до 31.08.2022 година:

- државно првенство, освоено индивидуално I место (1 бод);
- државно првенство, освоено индивидуално II место (0,5 бода);
- репрезентативец на Македонија, да има учество најмалку на еден натпревар и да се наведе кога, каде и со кого бил натпреварот (да се достави копија од записник или друг доказ од натпреварот), (3 бода);
- награда за индивидуални постигнување на државно првенство (3 бода);

Останати успеси и резултати кои не се во согласност и организација со календарот на натпревари од национални и меѓународни спортски федерации, нема да се земат предвид.

## III. Потребни документи

- Биографија на спортистот,
- Потврда од клуб дека е нивен член (фотокопија од легитимација)

- Важечки документ (потврда) издадена од матичната национална федерација за спортските успеси и резултати.

## IV. Висината на стипендијата и рангирање

Висината на стипендијата ќе изнесува 3.000,00 и 2.500,00 денари месечно за осум месеци во текот на учебната година.

За освоени до 2,50 бода, висината на стипендијата изнесува 2.500,00 денари.

За освоени три и повеќе бода, висината на стипендијата изнесува 3.000,00 денари.

## V. Начин на пријавување

Документите се доставуваат во затворено плико во Архивата на Општина Карпош (барака 2) или по пошта на ул. Радика бр. 9 – Скопје, со назнака „За доделување на Стипендии за талентирани спортисти жители на Општина Карпош кои учат во VIII и IX одделение во општинските основни училишта на подрачјето на Општина Карпош за 2022/23 година.

## VI. Рок за поднесување на документи

Рокот за поднесување на документите е заклучно со 15.09.2022 година.

Документите на кандидатите кои не се комплетни и ненавремено доставени нема да бидат разгледувани.

**Напомена**: Еден кандидат може да оствари право само на една стипендија. Кандидатите кои аплицирале - конкурирале за повеќе различни стипендии по објавени огласи (спорт или образование) од Општина Карпош и ги исполнуваат условите за добивање на повеќе од една стипендија, ќе добијат известување од службите во општината и врз основа на сопствен избор ќе се определат за една од стипендиите.

ОПШТИНА КАРПОШ